РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Одбор за акредитација и евалуација на високото образование**
Бр. 14-38/2-1
05. 04. 2013 год.
Скопје

Univerziteti FEJL i Tetovës - Republika e Maqedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë-Тетово-Tetovo

| Pranuar Примено Received | 10.04.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Nj. org. Орг. Един. Org. unit | Numër Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlera Вредност Value |
| 03 | 254/5 | / | / |

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13 и 24/13), Одборот за акредитација и евалуација на 18 седница одржана на 26.03.2013 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација нова студиска програма Европски студии, прв циклус тригодишни студии на Факултетот за јавна администрација и политички науки при Универзитетот на ЈИЕ – Тетово во соработка со Факултетот за општествени науки при Универзитет во Љубљана**

1. Се акредитира нова студиската програма, **Европски студии, прв циклус студии на Факултетот за јавна администрација и политички науки при Универзитетот на ЈИЕ – Тетово во соработка со Факултетот за општествени науки при Универзитет во Љубљана** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање: **Дипломиран по европски студии,** научно-истражувачко подрачје: општествени науки - 5, научно истражувачко поле: Правни науки - 508, политички науки 507, научно истражувачки области: - 50701, 50704, 50710, 50800, 50801, 50806, 50811, 50815.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Факултетот за јавна администрација и политички науки при Универзитетот на ЈИЕ – Тетово во соработка со Факултетот за општествени науки при Универзитет во Љубљана по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за организирање на студиската програма Европски студии, како и одлуката на Универзитетскиот сенат за усвојување на студиската програма, достави

елаборат до Одборот за акредитација и евалуација од 22.02.2013 година за прифакање на елаборатот и акредитација на студиската програма.

Одборот за акредитација и евалуација на својата 17. седница одржана на 26.02.2013 година формира експертска комисија и на 18. седница одржана на 26.03.2013 година, врз основа на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Михаил Петковски